Врз основа на член 18 од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (Службен весник на РМ, бр. 31 од 02. 07. 1998 година), основачкото Собрание на Здружението на граѓани за борба против рак Борка Скопје, на ден 17.07.2007 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА

**Здружението на граѓани за борба против рак**

# Борка

**Скопје**

## 1. ПРИЧИНИ

Овој документ има за цел да ги презентира програмските определби и насоченост на Здружението на граѓани за борба против рак Борка Скопје. Програмата ги прикажува визијата на Здружението, неговата мисија и цели, активностите, инструментите и методите со кои тие цели ќе бидат остварени, целните групи, улогата на членовите на Здружението и нивниот однос со граѓаните и засегнатите страни.

Потребата за формирање на Здружението се наметна како резултат на постојната состојба во здравството во Република Македонија, а имајќи ја предвид решеноста на РМ да ги интензивира реформите во оваа област. Присутноста на повеќе видови на рак кај населението во Македонија е сериозен проблем и бара подигнување на свеста кај јавноста за потребата од претпазливост, сериозен пристап, навремено лечење, поддршка на пациентите и промоција на нови достигнувања во медицината.

Во Република Македонија постои потреба од здружение кое генерално ќе ги третира сите видови на заболувања од рак и кое се бори против ракот генерално, но и поединечно против неговите видови. Борка се формира за да помогне да се пополни оваа празнина во граѓанскиот здравствен сектор и да соработува со сите вклучени релевантни фактори.

Здружението е цврсто решено да даде активен придонес во актуелизирањето на можностите за борба против сите видови на рак, следејќи ги најдобрите искуства од другите земји, но воедно почитувајќи ги специфичните состојби на македонското здравство и македонските пациенти.

Оттаму, свесни дека е неопходна мобилизација на сите човечки и материјални ресурси за спроведување на итната и неодложна борба против ракот, Собранието на основачи на Здружението на граѓани за борба против рак Борка Скопје како невладина, непрофитна и непартиска организација, ја донесе својата Програма за работа.

## 2. ВИЗИЈА НА ЗДРУЖЕНЕТО

Населението во Република Македонија ќе биде свесно и информирано за начините на стекнување рак, потребата од претпазливост и навремени интервенции. Ракот во Република Македонија ќе се третира како потенцијално излечива болест.

Уверени сме дека во РМ ќе биде воспоставено силно и функционално здравство, институции кои во целост ќе ги опслужуваат пациентите, како и граѓани кои ќе бидат свесни за своите обврски околу сопственото здравје.

## 3. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Мисија на Здружението е да го поддржи здравството во РМ, неговите институции, граѓаните, НВО секторот, како и меѓународните организации и институции во напорите за спроведување на реформите во оваа област во земјата. Нашата цел е особено активно да учествуваме во создавањето на здрава популација, свесна за ризиците и предизвиците, држава со значително намелен број на заболени од рак, држава со значително зголемен број на излечени од рак.

## 4. АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Својата мисија Здружението ќе се стреми да ја оствари преку следниве активности:

- промоција на јавно здравство
- подигање на свеста кај јавноста дека ракот е потенцијално излечива болест
- следење на европските и меѓународните стандарди во областа на здравството
- информирање на целните групи со законодавството и начинот на функционирање на здравствените институциите во Република Македонија и ЕУ;
- едукација на јавноста за превенција од заболување од рак
- едукација на заболени лица од рак за потребите и начините од терапија и лекување
- воспоставување редовна комуникација меѓу пациентите, лекарите, здравствените институции и фармацевстките компании
- грижа и емоционална поддршка на заоблените од рак, нивните роднини и пријатели
- постојано следење и учество во процесот на приближување и хармонизација со европското законодавство и оценка на неговото влијание врз општествено-економскиот систем;

- промовирање, учество и придонес во реформите во сите сфери на општествениот и здравствениот систем на Република Македонија;
- давање на стручна помош во полето на дејствување;
- поттикнување и зајакнување на соработка со домашни и странски организации и институции кои имаат исти или слични цели и задачи.

## 5. СРЕДСТВА И МЕТОДИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

Своите активности Здружението ќе ги оствари преку следниве средства и методи, воедно поддржувајќи ја и инсистирајќи на тимската работа меѓу членовите:

- континуирано следење, анализа и коментари на националното здравство, здравството на ЕУ и активностите на другите меѓународни организации и современи здравствени системи;
- организирање и учество на настани, презентации, семинари, обуки, дебати и трибини;
- советувања и консултации на пациенти и други заинтересирани;
- имплементација на проекти во областа на промоција на методите за лечење на рак;
- издавање на печатени и електронски публикации;
- реализација на видео проекции;
- соработка и имплементација на заеднички проекти со домашни и странски институциии и организации кои имаат исти или слични цели и задачи; и
- други слични форми и начини на дејствување.

При остварувањето на своите активности Здружението ќе се стреми кон транспарентност во работата, која ќе ја обезбеди преку:

- оддржување на веб страна;
- контакти со медиумите;
- издавање на брошури и
- други форми на информирање на јавноста, целните групи и засегнатите страни.

Преку сите овие активности, Здружението ќе се стреми да изгради заедничка визија и заедничка цел (мисија) внатре меѓу членството, како и со целните групи и засегнатите страни.

Во своето дејствување Здружението нема да се ограничи на територијата на РМ и ќе се стреми активно да соработува и со другите сродни здруженија од РМ, регионот, како и од Европа и светот. При ова, Здружението особено ќе тежнее да воспостави цврсти односи на доверба и соработка, како и взаемна размена на искуства и пракса, со останатите институции и здруженија со кои ќе соработува.

## 6. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Во својата работа Здружението ќе се фокусира кон поддршка на пациентите заболени од рак, пошироката јавност, јавните здравствени установи, НВО секторот, во нивните напори да спроведат активности кои ќе се спротистават на заболувањата од сите видови на рак и ќе гарантираат свесност, претпазливост и успешно лечење на ракот.

При ова Здружението ќе стави посебен акцент на информираноста на граѓаните и сите засегнати страни во РМ за неопходноста и корисноста од спроведување на мерките насочени кон остварување на визијата на Здружението.

Со цел да се забрзаат реформските активности на Здружението, неопходно ќе биде воспоставувањето на силни врски на истото со меѓународните организации и странските донатори, присутни во РМ, кои ја делат визијата на Здружението. Во односите со засегнатите страни и целните групи, Здружението ќе се стреми да изгради заедничка визија.

## 7. УЛОГА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Здружението ќе се грижи за јакнење на капацитетите на своите членови и целните групи преку нивна едукација, обезбедување на програми за обука, преку остварените финансиски средства. Воедно, Здужението ќе се грижи со остварените средства да се обезбедат солидни услови за работа на неговите членови, преку набавка и инвестирање во опрема, развивање на веб страница на Здружението и останати средства неопходни за успешно функционирање на истото.

*Скопје, 17.07.2007*

___________________________

Билјана Додева
Претседател на Борка